Sesioni i tretë ishte inicuar nga problemet me të cilat ballafaqohen asociacionet e pushteteve lokale në Slloveni dhe në Shqipëri, që janë inicuar nga partitë politike si dhe përfshirjen e tyre në punët e pushteteve lokale. Të gjithë pjesëmarrësit në debatë u pajtuan se vetëm pushtetet lokale mund të jenë të fuqishme dhe se vetëm ashtu mund të negociojnë me pushtetet qendrore për të drejtat e tyre dhe realizimin e kërkesave të tyre. Për atë qëllim është hartuar edhe një deklaratë, që do të shqyrtohet në Bordin drejtues të asociacioneve.

**ПРОДОЛЖИЈА ПРОМОТИВНИТЕ ДЕНОВИ СО ПОЛОШКИОТ, ЈУГОИСТОЧНИОТ, ИСТОЧНИОТ И ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН ВО РАМКИТЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ,**



# „САКАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА, УЖИВАЈ ВО СВОЈАТА ТАТКОВИНА“

Промотивните денови на регионите под мотото „Сакај ја Македонија, уживај во својата Татковина", во организација на ЗЕЛС и на регионалните центри за развој, а со поддршка на ГТЗ, продолжија со претставувањата на регионите во саботните термини на плоштадот „Македонија" во Скопје. На 29 мај се претстави Полошкиот регион, Југоисточниот регион на петти јуни, Источниот регион на 12 јуни, а Југозападниот на 19 јуни. Променливото и топло време за Полошкиот регион, пеколните горештини за време на претставувањата на Југоисточниот и Источниот регион, или, пак, дождливото време за Југозападниот регион не ги поколеба посетителите да дојдат и масовно да ја посетат манифестацијата.

Центарот за развој на Полошкиот плански регион обезбеди богат промотивен материјал од општините Јегуновце, Теарце, Врапчиште, Желино, Брвеница, Маврово-Ростуше и Боговиње, а општините Тетово и Гостивар ▶▶



## КОЛЕКТОРОТ ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ И РЕГИОНАЛНАТА ДЕПОНИЈА НАЈЗНАЧАЈНИ ПРОЕКТИ ЗА ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Центарот за развој на Полошкиот регион пред бројните посетителите го претстави регионот, неговата местоположба, општините во неговите рамки, како и подготвените проекти од регионално значење кои се доставени до Бирото за развој на планските региони. Полошкиот регион има предвидено и изготви поголем број проекти, меѓу кои проектот за водоводната и канализационата мрежа за општините Желино и Јегуновце, потоа проектот за локалниот пат што ќе ги поврзува општините Боговиње и Брвеница, за филтер станицата за водоснабдување на општина Гостивар и други. Беше посочено дека за овој регион, еден од најзначајните проекти е изградбата на колекторот за прочистување на отпадните води и решавањето на проблемот со регионалната депонија, за што се планира да се искористат можностите од европските фондови за претпристапна помош.

## VAZHDUAN DITËT PROMOVUESE ME RAJONIN E POLLOGUT, RAJONIN JUGLINDOR DHE ATË LINDOR NË KUADËR TË MANIFESTIMIT,

# „DUAJE MAQEDONINË, KËNAQU NË ATDHEUN TËND”

Ditët promovuese të rajoneve me moton ,,Duaje Maqedoninë, kënaqu në atdheun tënd” në organizim të BNJVL-së dhe qendrave rajonale për zhvillim, ndërsa me përkrahje të GTZ, vazhduan me paraqitjen e rajoneve, në terminet e të shtunes, në sheshin ,,Maqedonia” në Shkup. Më 29 maj, u paraqit rajoni i Pollogut, ai Juglindor ishte më 5 qershor, rajoni Lindor më 12 qershor dhe rajoni Jugperëndimor më 19 qershor. Koha e ndryshueshme dhe e ngrohtë për rajonin e Pollogut, nxehtësitë tropikale gjatë paraqitjes së rajonit Juglindor dhe Lindor, ose me të rreshura shiu për rajonin Jugperëndimor, nuk ndikuan te qytetarët që masovikisht t'a vizitojnë manifestimin.

Qendra për zhvillim të rajonit planifikues të Pollogut siguroi material të pasur promovues nga komunat e Jegunovces, Tearces, Zhelinës, Vrapçishtit, Bërvenicës, Mavrovë-Rostushes dhe Bogovinjës, nga të ▶▶









### KOLEKTORI PËR PASTRIMIN E UJËRAVE TË NDOTURA DHE DEPONIVE RAJONALE, PROJEKTE MË TË RËNDËSISHME PËR RAJONIN E POLLOGUT

Qendra për zhvillim të rajonit të Pollogut, para vizituesve të shumtë e promovoi rajonin, venpozitën e tij, komunat në kuadër të tij, si dhe projektet e hartuara me rëndësi rajonale të cilat janë parashtruar në Bironë për zhvillim të rajoneve planifikuese. Rajoni i Pollogut ka parashikuar dhe hartuar një numër të madh projektesh, midis të cilave edhe projekti për rrjetin e ujësjellësit dhe kanalizimit për komunat Zhelinë dhe Jegunovce, pastaj projekti për rrugë lokale që lidh komunat Bogovinjë dhe Bërvenicë, për stacion filteri për furnizim me ujë të komunës së Gostivarit etj. U theksua se për këtë rajon, njëri ndër projektet më të rëndësishmeështë ndërtimi i kolektorit për pastrimin e ujërave të ndotur dhe zgjidhjen e problemit për deponinë rajonale, me ç'rast planifikohet të shfrytëzohen mundësitë nga fondet evropiane për ndihmë të afrueshme.




## ЗАПОЗНАЈТЕ ГО БОГАТИОТ СТОПАНСКИ, КУЛТУРЕН И ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

-„Со големо задоволство денес Југоисточниот регион и општините во него се претставуваме пред граѓаните на нашата земја. Навистина имаме со што да се пофалиме и она што денес ќе го видите е само дел од нашите активности, можности и достигнувања“. Ова го истакна градоначалникот на општина Конче, Стојан Лазаров, кој во името на Советот на Југоисточниот регион во саботата на петти јуни на скопскиот плоштад кога го отвори претставувањето на четвртиот по ред регион - Југоисточниот регион. – „Југоисточниот регион презема и иницира низа регионални и локални проекти, меѓу кои е и проектот за јавно – приватно партнерство за изградба на регионална депонија по европски стандарди, во општина Василево, во село Добрашинци и за изградбата на патот до оваа депонија. Значајни проекти за целиот регион се и проектите, меѓу кои преуредувањето на кејот на градската плажа на Дојранското Езеро, уредувањето на просторот кај Смоларскиот водопад и уредувањето на излетничкото место Паљурци, каде според преданијата тука минувал Свети Павле, поради што се очекува Папата да одговори позитивно на поканата да го посети ова место“, рече Лазаров. Тој нагласи дека за населението од овој регион значајно е и планираното отворање на регионален центар за сертификација за земјоделски производи, како и ширење на проектот за гасификација на целиот регион. Лазаров ги истакна и проектите од инфраструктурно и комунално значење за населението од овој регион, но и позначајните проекти од локално значење што ги реализираат самите општини.























## NJOHUNI ME POTENCIALIN EKONOMIK, KULTUROR DHE TURISTIK TË RAJONIT JUGLINDOR

-„Me kënaqësi të madhe rajoni Juglindor dhe komunat në të prezentohemi para qytetarëve të vendit tonë. Me të vërtetë kemi për çka të lavdërohemi dhe kjo që do t'a shihni sot është vetëm pjesë e aktiviteteve tona, mundësive dhe arritjeve". Këtë e theksoi kryetari i komunës Konçe, Stojan Llazarov, i cili në emër të Këshillit të rajonit Juglindor, të shtunën më 5 qershor, në sheshin e Shkupit, kur bëri hapjen e rajonit të katërt me rradhë - rajonit Juglindor.

„Rajoni Juglindor ndërmerr dhe inicon një varg projektesh rajonale dhe lokale , midis të cilave është edhe projekti për partneritet publiko-privat për ndërtimin e deponive rajonale sipas standardeve evropiane në komunën e Vasilevës, në fshatin Dobrashinci dhe për ndërtimin e rrugës deri te kjo deponi. Projekte të rëndësishme për mbarë rajonin janë edhe projektet midis të cilave rregullimi i kejit të plazhit të qytetit të Liqenit të Dojranit, rregullimi i hapësirës në ujëvaren e Smollarit, dhe rregullimi i vendpushimit Paljurci, ku sipas të dhënave thuhet se këtu ka kaluar Shën Pali, me ç'rast pritet që Papa t'i përgjigjet pozitivisht ftesës për t'a vizituar këtë vend, theksoi Llazarov. Ai theksoi se për popullatën nga ky rajon është i rëndësishme edhe hapja e planifikuar e qendrës rajonale për çertifikim të prodhimeve bujqësore, si dhe zgjërimi i projektit për gasifikim të mbarë rajonit. Llazarov i theksoi edhe projektet me rëndësi komunale të popullatës nga ky rajon, por edhe projektet më të rëndësishme me rëndësi lokale që i realizojnë vetë komunat.



## „БРЕГАЛНИЦА И СОНЦЕТО ДОАЃААТ ОД ИСТОК“



-„Нашиот регион е „Регион на изгрејсонцето“. Слоганот „Брегалница и Сонцето доаѓаат од исток“ е наше обележје. Да се зборува за Источниот регион, за неговиот потенцијал е невозможно во неколку минути, а тоа сигурно го знаат оние што досега нè посетиле. Оние, пак, што не дошле, срдечно ги поканувам да дојдат овде на штандовите, но и во нашиот крај и да вкусат од прекрасната традиционална трпеза, да го слушнат звукот на зурлите и тапаните од Пијанечко-малешевскиот микрорегион, да воздивнуваат минувајќи крај оризовите полиња, да уживаат во прекрасните падини на Осоговијата и Плачковица, да се разладуваат по течението на Брегалница, да вкусат од штипската пастрмајлија, да потпевнуваат со нотите на Макфест ...“.

Со овие зборови претседателот на Советот на Источниот плански регион Ратко Димитровски, градоначалник на општина Кочани, ги поздрави посетителите на промоцијата на Источниот регион на 12 јуни на скопскиот плоштад. -„Идејата за регионален развој, како начин на размислување и дејствување сè повеќе се развива. Со задоволство ќе истакнам дека Источниот регион предначи во бројот на поднесените проектни апликации, но и во бројот на одобрени проекти за финансирање. За искористување на средствата од двете програми за регионален развој од 2009 година одобрени ни се девет регионални проекти, речиси од сите области, од кои имаме и изведбени проекти од областа на комуналната и патната инфраструктура, изработка на стратегиски документи (студии) со кои се мапираат потенцијалите за понатамошниот развој на регионот, мапирање на туристичките капацитети, природните, културно-историските знаменитости со кои изобилува целиот регион. Проектите веќе се имплементираат и дел се во напредна фаза, па нема да биде нескромно ако кажам дека тие претставуваат своевиден потенцијал и импулс во натамошниот развој на регионот“, рече Димитровски и додаде: „Регионалната идеја води кон раздвижување и динамизирање на развојот и, овозможи добар дел од средствата од европските фондови, кои порано сме ги пропуштале, да станат поблиски до нас. Тоа сега можеме да го потврдиме и со искористувањето на средствата од предпристапните фондови на ЕУ, од компонентата 2 за прекугранична соработка и од други проекти“.















## „BREGALLNICA DHE DIELLI VIJNË NGA LINDJA“

-,,Rajoni jonë është ,,Rajon i lindjes së diellit“. Motoja ,,Bregallnica dhe Dielli vijnë nga Lindja“ është karakteristika jonë. Përshkrimi i rajonit Lindor, i potencialit të tij është e pamundur të bëhet në disa minuta, e këtë sigurisht e dijnë ata të cilët n'a kanë vizituar deri më tani. Ndërsa ata të cilët ende nuk kanë ardhur, përzemërsisht i ftoj të vijnë këtu në shtandet tona, por edhe në rajonin tonë dhe të shijojnë nga tryeza e mrekullueshme tradicionale, t'a dëgjojnë tingullin e lodrave dhe zurnave të mikrorajoneve të Maleshevisë, të kënaqen duke kaluar përreth fushave të orizit, e nëpër shpatet e Osogovisë e Pllaçkovicës, t'a shikojnë rrjedhën e Bregallnicës, t'a shijojnë pastërmajlinë e Shtipit, të këndojnë me notat e Makfestit..“



Me këto fjalë kryetari i Këshillit të rajonit planifikues Lindor, Ratko Dimitrovski, kryetar i komunës Koçani, i përshëndeti të pranishmit në promovimin e rajonit Lindor, në kuadër të manifestimit @ Ditë promovuese për rajonet“ me moton ,,Duaje Maqedoninë, kënaqu në atdheun tënd“ që edhe këtë të shtunë më 12 qershor u mbajt në shesh të Shkupit, në periudhën prej orës 12 deri më ora 17. Me kënaqësi do të theksoj se rajoni planifikues Lindor u prijnë numrit të aplikimeve të parashrtuara projektuese, por edhe numrit të projekteve për financim. Për shfrytëzimin e mjeteve nga të dy programet për zhvillim rajonal n'a janë apovuar të dy projektet rajonale, pothuaj se nga të gjitha fushat, midis të cilave kemi edhe projekte nga lëmia e infrastrukturës komunale dhe rrugore, hartim i dokumenteve strategjike, me të cilat do të shënjohen potencialet për zhvillimin e mëtutjeshëm të rajonit, kapacitetet turistike dhe karakteristikat kulturore-artsitike si dhe lokalitetet arkeologjike, pastaj ai theksoi edhe për gatishmërinë e këtij rajoni për shfrytëzimin e mjeteve nga fondet evropiane, veçanërisht atyre nga komponenta 2 e bashkëpunimit ndërkufitar.

## ПРЕМИЕРОТ ВО ПОСЕТА НА ПРОМОТИВНИТЕ ДЕНОВИ НА РЕГИОНИТЕ

Секоја сабота, во рамките на манифестацијата „Сакај ја Македонија, уживај во својата татковина" на претставувањето на секој регион присуствуваше и претседателот на ЗЕЛС Коце Трајановски, кој детално се запознаваше со спецификите на регионите, традицијата, културата, стопанските потенцијали и локалните и регионални проекти и планови. Оваа манифестација на 12 јуни, кога се претставуваше Источниот регион, ја посети и Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, при што изрази големо задоволство од ваквиот начин на претставување и промовирање на регионите и на општините во земјава и инвентивноста во презентирањето и изнаоѓањето на соодветен начин на воспоставување на поблиски комуникации на локалната власт со граѓаните.




## KRYEMINISTRI NË VIZITË TË DITËVE PROMOVUESE TË RAJONEVE

Çdo të shtunë, në kuadër të manifestimit ,,Duaje Maqedoninë, kënaqu në atdheun tënd" në paraqitjen e secilit rajon, prezent ishte edhe kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, i cili detajisht ishte i njoftuar me specifikat e rajoneve, traditën, kulturën, potencialet ekonomike dhe projektet si dhe planet lokale dhe rajonale. Ky manifestim, më 12 qershor, kur u prezantua rajoni lindor, e vizitoi edhe Kryeministri i Republikës së Maqedonisë, Nikolla Gruevski, me ç'rast shprehi kënaqësi të madhe nga mënyra e këtillë e paraqitjes dhe promovimit të rajnoneve dhe të komunave në vend dhe inovacionin në prezantimin dhe gjetjen e mënyrës adekuate të vendosjes së komunikimeve më të afërta të pushtetit lokal me qytetarët.

▶▶ подготвија сопствени презентации на штандовите и на самата бина, како и богата културно -уметничка програма која привлече голем број посетители на промоцијата. Се претставија и КУД „Џеладин Зеќири", оркестарот на Културниот центар во Тетово, децата од ОУ „Кемал Ататурк" и ансамблот „БЕСА" од Гостивар. Граѓаните имаа можност да се запознаат и со позначајните стопански и трговски субјекти од Полошкиот регион, меѓу кои хотелот „Тиволи", кој обезбеди и дегустација на традиционално подготвена храна, производителот на соковите "САНГОЛД" кој им овозможи на граѓаните да се освежат од топлината со нивните разновидни производи, а се претставија и АД Тетекс, ДООЕЛ Реновелур, ДООЕЛ Металекс, СКСЗМ, ВЕЗЕ ШАРИ, ЛЕКЕР, ДООЕЛ ХАЈПОЛ, МИКЕЛИ, ИСМАИЛИ БЕКАТОН, ЕУРО ТУРИСТ, НВО „Младинска алијанса", како и Фатина, Касеифицио Цесарина „Фејзи", ДООЕЛ МЦРОБИН, НВО Европеан Линк Центер, ЕТИКА и други.

Следната сабота, на 5 јуни, на истото место, во периодот од 12 до 17 часот, под мотото „Празник за сите ваши сетила- види, слушни, вкуси, помирисај, допри", се претстави Југоисточниот регион и општините во него: Валандово, Струмица, Гевгелија, Дојран, Богданци, Ново Село, Босилево, Василево, Радовиш и Конче. По свеченото отворање од страна на градоначалникот на општина Конче Стојан Лазаров, како претставник од Советот на ЈИ регион присутните градоначалници од општините од овој регион, претставниците од општинската администрација и претставниците од Центарот за развој на Југоисточниот регион, подетално ги запознаа заинтересираните граѓани за сите активности што се реализираат во овој крај.

На поставените штандови имаше разновиден промотивен материјал, а целата манифестација беше збогатена со богатата културно-уметничка програма, подготвена од познати уметници од овој крај, меѓу кои Мите Грозданов, потоа Зоран Маџиров и повеќе културно-уметнички друштва, а неизоставно беше и претставувањето на дел од маските од меѓународниот Струмички карневал. На самиот плоштад беше поставена макета од „мандра" - рибарска куќичка, што е карактеристична за Дојранското Езеро, а посетителите можеа да вкусат риба забодена на трска, што се подготвуваше на поставената скара на плоштадот. Овој регион изобилува со најразновидни овошја и раноградинарски производи, па за себе велат дека

▶▶ cilat komuna e Gostivarit dhe e Tetovës përgatitën prezentimet e tyre në shtandet dhe në vetë skenën si dhe program të pasur kulturoro-artistik që tërhoqi numër të madh vizituesish në promovim. U paraqitën edhe SHKA ,,Xheladin Zeqiri", orkestri i Qendrës Kulturore në Tetovë dhe fëmijët nga SHF ,,Kemal Ataturk" dhe Ansambli ,,Besa" nga Gostivari. Qytetarët kishin mundësi të njihen edhe me subjektet më të rëndësishme ekonomik e tregtare nga rajoni i Pollogut, midis të cilëve edhe hoteli ,,Tivoli" i cili siguroi edhe degustim të ushqimit tradicional, prodhuesi i lëngjeve ,,SUNGOLD" i cili u mundësoi qytetarëve të freskohen nga i ngrohti, me prodhime të ndryshme u parqitën edhe SHA ,,Teteks", ,,Renovellur", ,,Metaleks", SKZM, ,,Vezë Sharri", ,,Leker", ,,Hajpol", ,,Ismaili BEKATON", ,,Mikeli", ,,Euro Turist", OJQ,,Aleanca e të rinjëve" si dhe ,,Fatina", ,,Kaseificio Cesarina", ,,Fejzi", ,,MCROBIN", OJQ ,,European Link Centre", ,,Etika" etj.

Të shtunën e ardhshme më 5 qershor, në vendin e njejtë, në periudhën prej orës 12 deri më orën 17, me moton ,,Festë për të gjitha shqisat tuaja- shiko, dëgjo, shijo, nuhat, prek", u paraqit rajoni Juglindor dhe komunat në të: Vallandova, Strumica, Gjevgjelia, Dojrani, Bodgdanci, Novo Sella, Bosillova, Vasileva, Radovishi dhe Konçe. Pas hapjes solemne nga ana e kryetarit të komunës Konçe, Stojan Llazarov, si përfaqësues nga Këshilli i rajonit






се најголемата фабрика на земјоделски производи што ја храни целата држава. За да нè уверат во тоа, тие подготвија оргомна зелена салата којашто посетителите имаа можност да ја вкусат. Исто така, на плоштадот се подготвуваше и слаткото од зелени валандовски смокви, а беа истакнати и вкусниот еколошки радовишки мед и ореви, кои исто така им беа достапни за дегустација на сите граѓани. Не изостанаа и убаво подготвените пити и специјалететити од праз, од познатиот фестивал на празот, од општина Василево. Бидејќи овој регион е познат и по бројните казина, особено градот Гевгелија, казиното во хотелот „Аполонија“ обезбеди наградна игра, во која, меѓу повеќето подароци, на најсреќните им беа доделени фудбалски топки со автограм од Горан Пандев, жител на општина Струмица.

Веќе на 12 јуни, на пеколна температура, успешно се реализира и претставувањето на Источниот регион и на општините во него: Берово, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Кочани, Штип, Пехчево, Зрновци, Чешиново- Облешево, Карбинци, Пробиштип. Изобилниот промотивен материјал, поставен на штандовите со мотото „Брегалница и сонцето доаѓаат од исток“ го отсликуваше стопанскиот, туристичкиот и културниот потенцијал и богатство на овој регион. Бројните стопанственици своите производи им ги нудеа на посетителите да ги пробаат и да се уверат во нивниот квалитет. Присутните пробаа од беровското сирење, вкусниот кашкавал, еколошкиот мед, домашно подготвените пити и познатиот пилав. Карактеристична за овој регион е текстилната индустрија, па неколку конфекциски куќи подготвија спектакуларни модни ревии со нивните најнови модели. Неизоставна беше и традиционалната народна песна, зурли и тапани, како и македонското оро кое сега се изведуваше пред поставената макета на амбар, каде автентичноста беше уште повеќе доловена со поставените бали од сено. Публиката се забавуваше и со песните на познати гласови од забавната музика, кои потекнуваат од овој крај. Присуството на градоначалниците им овозможи на бројните граѓани да дознаат за сегашните проекти и за идните активности што тие ги подготвуваат во својата локална самоуправа, но пред сè во регионот, за што на почетокот поопширно ги претстави градоначалникот на општина Кочани и претседател на Советот на Источниот плански регион Ратко Димитровски.

Juglindor, kryetarët e pranishëm nga komunat e këtij rajoni, përfaqësuesit e administratës komunale dhe përfaqësuesit e Qendrës për zhvillim të rajonit Juglindor më detajisht i njohën qytetarët e interesuar për të gjitha aktivitetet që realizohen në këtë rajon.

Në shtandet e vendosura kishte material të lloj-llojshëm promovues, ndërsa i tërë manifestimi u pasurua me program të begatshëm kulturoro-artistik të përgatitur nga artistë të njohur nga ky rajon, midis të cilëve Mite Grozdanov, Zoran Maxhirov dhe shumë shoqata kulturore-artistike, ndërsa e pashmangshme ishte edhe paraqitja e maskave nga karnevali ndërkombëtar i Strumicës. Në vetë sheshin u vendos maketa nga ,,mandra”-shtëpia peshkatare, që është karakteristike për Liqenin e Dojranit, ndërsa vizituesit kishin mundësi të shijojnë peshk në kallam, që përgatitej në zgarën e vendosur në shesh. Ky rajon është i pasur me pemë të llojllojshme, prandaj për vehte thonë se janë fabrika më e madhe e prodhimeve bujqësore që e ushqen mbarë vendin. Që t'a vërtetojnë këtë ata përgatitën salatë gjigante që vizituesit kishin mundësi t'a shijojnë. Gjithashtu në shesh u përgatit reçel nga fiku i gjelbër i Vallandovës, ndërsa u theksuan edhe mjalti me arra ekologjik i Radovishit, që u ishte i afrueshëm për degustim të gjithë qytetarëve. Nuk u shmangën edhe pitet me presh, nga festivali i njohur i preshit, nga komuna e Vasilevës. Për arsye se ky rajon është i njohur edhe me numër të madhe të kazinove, veçanërisht qyteti i Gjevgjelisë, kasinoja në hotelin ,,Apolonia” siguroi lojë shpërblyese, ku midis dhuratave të shumta më fatlumëve i'u shpërndanë topa futbolli me autogram të Goran Pandev, banor i komunës së Strumicës.

Tash më, më 12 qershor, në temperatura tropikale, u realizua edhe paraqitja e suksesshme e rajonit Lindor dhe komunat në të: Berova, Dellçeva, Makedonska Kamenica, Vinica, Koçani, Shtipi, Pehçeva, Zërnovci, Çeshinova-Oblesheva, Karbinci, Probishtipi. Materiali i pasur promovues, i vendosur në shtandet me moton ,,Bregallnica dhe dielli vijnë nga Lindja” e pasqyroi potencialin ekonomik, turistik dhe kulturor të këtij rajoni. Afaristët e shumtë, prodhimet e tyre u'a ofruan vizituesve që t'i shijojnë dhe të binden në kualitetin e tyre. Të pranishmit shijuan djathin e Berovës, kaçkavalin e shijshëm, mjaltin ekologjik, pitet dhe pilavin e njohur. Karakteristike për këtë rajon është industria e tektsilit, prandaj edhe disa shtëpi për konfeksione përgatitën sfilata spektakulare me modelet më të reja të tyre. E pashmangshme ishte edhe kënga popullore tradicionale me lodra si dhe vallja maqedonase që u zhvillua para maketës së vendosur në hambar, ku autenticiteti më tepër u shfaq me duajtë e vendosur. Publiku u argëtua edhe me zërat e njohur të muzikës zbavitëse, që rrjedhin nga ky rajon. Pjesëmarrja e kryetarëve të komunave u mundësoi shumë qytetarëve të njihen me projektet e tanishme dhe aktivitetet e ardhshme që ata i përgatisin në vetëqeverisjen e tyre lokale, por para se gjithash në rajon, me ç'rast në fillim më gjërësisht i prezentoi kryetari i komunës së Koçanit dhe kryetar i Këshillit të rajonit planifikues Lindor, Ratko Dimitrovski.




ПРОМОТИВНИ ДЕНОВИ НА РЕГИОНИТЕ
DITËT PROMOVUESE TË RAJONEVE


И НА РЕГИОНИТЕ
TË RAJONEVE


НИ ДЕНОВИ НА РЕГИОНИТЕ
OMOVUESE TË RAJONEVE


СКОПСКО
наше
ВКУСОТ НА







# „ДОПРИ ЈА ПРИРОДАТА, ПОЧУВСТВУВАЈ ЈА ТРАДИЦИЈАТА“ СО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН



Пропратено со облаци и дождливо време, кое во одредени периоди лееше како од крбла, на 19 јуни, со слоганот „Допри ја природата, почувствувај ја традицијата“ во периодот од 17 до 20 часот, се претстави и Југозападниот регион и општините во него: Охрид, Струга, Вевчани, Дебарца, Центар Жупа, Друговo, Вранештица, Пласница, Кичево, Зајас, Осломеј, Македонски Брод и Дебар. При промоцијата на овој регион беа направени промени во терминот, со цел да се избегнат летните горештини и манифестацијата започна во 17 часот. Но променливоста на времето, токму во саботата, доведе до периодични врнежи во попладневните часови, кои, сепак, не предизвикаа значително намалување на посетеноста на манифестацијата. И навистина, општините и центарот за развој на Југозападниот регион исклучително се потрудиле на посетителите да им овозможат во вистинска смисла да ја почувствуваат убавината на традицијата што ја нуди овој крај. Граѓаните имаа можност да вкусат рибја чорба, качамак, алва и слатко од цреши, што се подготвуваа на самиот плоштад, како и да се напијат од традиционално подготвениот чај. Имаше и поставено грнчарски предмети, традиционални фолклорни инструменти, филиграни, предмети од дрво и плетени кошници, сите рачно изработени. Целата програма беше презентирана од водители кои говореа на трите јазици застапени во овој регион: македонскиот, албанскиот и турскиот, што го отсликуваше вистинското јазично богатство на нашата држава. Беше организирана и ревија на стари народни носии, како и изложби на уметнички творби од ликовните колонии што се одржуваат во овој крај. Карактеристичен за регионот е и еден од најстарите карневали-Вевчанскиот карневал. Вевчанци не ги поколеба ни поројниот дожд, кој силно паѓаше токму во моментот на нивниот настап и тие доследно, под ударите на тапаните го презентираа овој јануарски карневал во јунски период, како што, впрочем, и самите се пошегуваа при својот настап.

Центарот за развој на Југозападниот плански регион, општините и стопанските субјекти на поставените штандови изнесоа богат промотивен материјал, а посетителите добија информации и од присутните градоначалници и од општинската администрација за спроведувањето на локалните и на регионалните проекти. Манифестацијата беше збогатена со богата културно-уметничка програма, подготвена од познати уметници и културно-уметнички друштва од регионот.







# „PREKE NATYRËN, NDJEJE TRADITËN" ME RAJONIN JUGPERËNDIMOR



Përcjellur me re dhe kohë me shi, që në periudha të caktuara ngjante sikur një kabllo, më 19 qershor, me sloganin ,,Preke natyrën, ndjeje traditën,, në periudhën nga ora 17 deri 20, u paraqit edhe rajoni jugperëndimor dhe komunat në to: Ohër, Strugë, Vevçanë, Debarcë, Centar Zhupë, Drugovë, Vraneshticë, Pllasnicë, Kërçovë, Zajaz, Osllomej, Makedonski Brod dhe Dibra. Gjatë promovimit të këtij rajoni u bënë ndryshime në termin, me qëllim që të shmanget i nxehti veror dhe manifestimi të fillon në ora 17. Por ndryshimi i kohës, mu të shtunën, solli deri te të rreshura periodike në orët e pasdites, të cilat nuk shkaktuan zvogëlimin e vizituesve në manifestim. Dhe me të vërtetë, komunat dhe qendra për zhvillim të rajonit jugperëndimor u orvatën që vizitorëve t'ju mundësojnë në kuptim të vërtetë t'a ndjejnë bukurinë e traditës që e ofron ky rajon. Qytetarët patën mundësi të shijojnë çorbën e peshkut, kaçamakun, hallvën dhe ëmbëlsirën me qeshi, që u përgatitën në shesh, si dhe të pijnë nga çaji tradicional i përgatitur. Ka pasur edhe lëndë tjera të vendosura sikur instrumente folklorike, filigrane, lëndë nga druri të përpunuara me dorë. I gjithë programi ishte i prezantuar nga udhëheqës që mbajtën fjalim në tre gjuhë që e përcakton këtë rajon: maqedonisht, shqip dhe turqisht, që i dha pasqyrë të vërtetë pasurisë gjuhësore vendit tonë. Ishte organizuar edhe revi mode e veshjeve të vjetra popullore, si dhe ekspozita të veprave artistike nga koloni të ndryshme që mbahen në këtë rajon. Karakteristike për këtë rajon është edhe karnevali më i vjetër ai i Vevçanit. Vevçanasët nuk i ndaloi as shiu që binte fuqishëm, në momentin kur ata merrnin pjesë, nën tingujt e tupanëve prezantuan karnevalin e janarit në periudhën e qershorit, me të cilën edhe ata vetë bënin shaka gjatë paraqitjes së tyre..

Qendra për zhvillimin e rajonit planifikues jugperëndimor, komunat dhe subjektet ekonomike në shtandet e vendosura dhanë material promovues shumë të pasur, ndërsa vizitorët morrën informacione edhe nga kryetarët e pranishëm dhe administrata komunale për implementimin e projekteve lokale dhe rajonale. Manifestimi ishte pasuruar me program të pasur artistiko kulturor, përgatitur nga artistë të njohur dhe shoqeri artisitiko kulturore nga rajoni.











# НАЦРТ-СТРАТЕГИЈАТА НА ЗЕЛС ЗА 2011-2015 ГОДИНА ДОСТАВЕНА НА РАЗГЛЕДУВАЊЕ ДО ОПШТИНИТЕ

Комисијата за стратегиско планирање, формирана со одлука на Управниот одбор на ЗЕЛС, составена од градоначалниците на општините Карпош, Гостивар, Дебар, Илинден и Арачиново и претставници од стручната служба на ЗЕЛС ја подготвија нацрт-верзијата на новиот Стратегиски план на ЗЕЛС за периодот 2011-2015 година. Нацрт-верзијата е испратено до сите општини на разгледување и по сублимирањето на добиените предлози и насоки истата ќе биде ставена на усвојување од Управниот одбор на ЗЕЛС.

Нацрт-стратегијата опфаќа осум стратегиски цели:

1. Лобирање и градење на капацитетите за лобирање;
2. Тековно решавање на проблемите;
3. Финансиска стабилност на општините;
4. Воспоставување на систем на обука на претставниците на ЕЛС;
5. Поддршка за користење на претпристапни ЕУ фондови;
6. Ажурност на комисиите;
7. Обезбедување на финансиска одржливост на ЗЕЛС;
8. Зајакнати капацитети на стручната служба на ЗЕЛС.

ЗЕЛС се стреми кон современ систем за лобирање со цел подобрување на состојбите во локалната власт и успешно застапување на интересите на општините пред централната власт, парламентот и други домашни и странски организации. Обезбедувањето на финансиската независност на општините, преку утврдување на долгорочните политики за финансиска стабилност, воведување на стратегии за разционализација на трошоци за давање на јавни услуги, зголемување на изворни приходи на општините, обезбедување на повеќе средства од трансферите од централниот буџет, ЈПП, донации, кредити... претставува, исто така, важна стратегиска заложба на ЗЕЛС. Зајакнувањето на Комисиите и воспоставувањето на синергијата помеѓу спроведувањето на политиките на комисиите и професионалните мрежи на ЗЕЛС е област на која ЗЕЛС сака во идниот период да и посвети поголемо внимание. Со утврдување на политика за обезбедување на целосна наплата на членарината и утврдување на категоризација на основни и платени услуги ЗЕЛС се насочува кон обезбедувањето на самоодржливост. Она на што во идниот период ЗЕЛС преку утврдување на политика за обезбедување на целосна наплата на членарината и утврдување на категоризација на основни и платени услуги освети поголемо внимание е воспоставувањето на систем за обука за претставници на ЕЛС, со воспоставени стандарди за следење на потребите, евалуација и сертификација на стручната подготвеност на државните службеници, градоначалници, советниците и останатите функционери од ЕЛС, за што ЗЕЛС воспостави институционализиран, функционален и одржлив ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) за професионални обуки. Од сѐ поголемо значење за општините е и поддршка за користење на претпристапни ЕУ фондови, каде ЗЕЛС се насочува да обезбедува информации за актуелни програми, проекти и донатори, како и соодветна помош за искористување на ИПА фондовите. Од особена полза ќе биде канцеларијата на ЗЕЛС во Брисел, каде ќе се лобира за грантови за поддршка на општините, како и континуираното градење на добри односи со меѓународни и домашни организации. Нацрт-стратегијата содржи и акционен план за реализација на целите.

Активностите околу стратешкото планирање се реализираат со експертска и финансиска поддршка на Програмата за човеков и институционален развој на УСАИД

# DRAFT-STRATEGJIA E BNJVL-SË PËR VITIN 2011 – 2015, E DËRGUAR NË SHQYRTIM DERI TE KOMUNAT

Komisioni për planifikim, i formuar me vendim të Bordit drejtues të BNJVL-së, i përbërë nga kryetarët e komunave Karposh, Gostivar, Dibër, Ilinden dhe Haraçinë si dhe përfaqësues nga shërbimi profesional i BNJVL-së, përgatitën draft versionin e planit të ri strategjik të BNJVL-së për periudhën 2011-2015. Draft versioni është dërguar deri te të gjitha komunat në shqyrtim dhe pas sublimimit të propozimeve dhe drejtimeve të marra e njejta do të vendoset në miratim nga Bordi drejtues i BNJVL-së.

Draft Strategjia përfshin tetë qëllime strategjike:

1. Lobimin dhe ndërtimin e kapaciteteve për lobim
2. Zgjidhje rrjedhëse të problemeve
3. Stabilitet financiar të komunave
4. Vendosja e sistemit të trajnimit të NJVL-ve
5. Përkrahje për shfrytëzimin e BE fondeve aderuese
6. Azhurnitet të komisioneve
7. Sigurim të qëndrueshmërisë financiare të BNJVL-së
8. Kapacitete të përforcuara të shërbimit profesional të BNJVL-së.

BNJVL drejtohet kah sistemi bashkëkohor për lobim me qëllim përmirësimin e situatës në pushtetin lokal dhe përfaqësimin e suksesshëm të intereseve të komunave para pushtetit qendror, parlamentit dhe organizatave tjera vendore dhe të huaja. Sigurimi i pavarësisë financiare të komunave, nëpërmjet përcaktimit të politikave afatgjate për stabilitet financiar, vendosjen e strategjive për racionalizimin e shpenzimeve për dhënien e shërbimeve publike, zmadhimin e të ardhurave burimore për komunat, sigurimin e më shumë mjeteve nga transferet e buxhetit qendror, NPP, tatimet, kreditë... paraqesin, gjithashtu, strategji të rëndësishme përpjekëse të BNJVL-së. Përforcimi i komisioneve dhe vendosja e implementimit të politikave të komisioneve dhe rrjetet profesionale të BNJVL-së janë fushat ku BNJVL dëshiron në periudhën vijuese t'i përkushton vëmendje më të madhe. Me caktimin e politikave për sigurimin e pagesës së plotë të anëtarësimit dhe caktimin e kategorizimit të shërbimeve themelore dhe të paguara BNJVL drejtohet kah sigurimi i vetëqëndrueshmërisë. Ajo që në periudhën vijuese BNJVL nëpërmjet caktimit të politkave për sigurimin e pagesës së plotë të anëtarsimit dhe caktimin e kategorizimit të shërbimeve të paguara themelore i kushtoi vëmendje më të madhe edhe vendosjes së sistemit për trajnime për përfaqësuesit e NJVL-ve, me standarde të vendosura për vëzhgimin e nevojave, evaluimin dhe çertifikimin e përgatitjes profesionale të nëpunësve shtetëror, kryetarëve të komunave, këshilltarëve dhe funksionarëve të tjerë nga NJVL-të, me çka BNJVL vendosi qendrën trajnuese BNJVL për trajnime profesionale. Me rëndësi të veçantë për komunat është edhe përkrahja për shfrytëzimin e BE fondeve aderuese, ku BNJVL drejtohet për të siguruar informacione për programet aktuale, projekte dhe donatorë, si dhe ndihmë adekuate për shfrytëzimin e IPA fondeve. Në dobi të veçantë do të jetë zyra e BNJVL-së në Bruksel, ku do të lobohet për grante për përkrahjen e komunave, si dhe në vazhdimësi ndërtimi i raporteve të mira me organizatat vendore dhe ato ndërkombëtare. Draft – strategjia përmban plan aksional për realizimin e qëllimeve.

Aktivitetet rreth planifikimit strategjik realizohen me përkrahje të ekspertëve dhe përkrahje financiare të Programit për zhvillim njerëzor dhe institucional të USAID.

# ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ЗАВРШНА ФАЗ

Министерството за транспорт и врски, во јуни, ја достави прочистената верзија од текстот на предлогот на новиот Закон за градежно земјиште до сите релевантни институции за утврдување на нивното мислење, а ЗЕЛС истиот го достави до општините. Со овој предлог на закон се воведуваат значајни измени во управувањето со градежното земјиште, измени што ги иницираше ЗЕЛС и општините уште со започнувањето на процесот на децентрализацијата во нашата земја, кога се бараше општините да станат сопственици на градежно неизградено земјиште. Под силен притисок на ЗЕЛС, Владата на крајот од минатата година, објави дека општините ќе управуваат со градежното неизградено земјиште на нивната територија, од 1 јануари 2011 година, за што поинтензивно пристапи кон утврдувањето на законската регулатива.

Комисијата за урбанизам при ЗЕЛС во изминатиот период активно се вклучи во интензивната подготовка на новите законски решенија, со кои ќе се овозможи локалните власти да имаат можност во името на државата да управуваат и располагаат со градежното неизградено земјиште што се наоѓа на нивната територија, а и да се стекнат со право да бидат сопственици на земјиште. Во предложените законските одредби е предвидено ЗЕЛС Тренинг центарот да го организира и спроведе обучувањето на овластените општински лица за да можат адекватно да ја спроведуваат постапката за продажба и закуп на градежно неизградено земјиште на нивна територија во името на државата. Со издавањето на лиценците ќе се гарантира подготвеноста на општините за преземање на овие активности. Исто така во законските одредби е предвидено формирање на Национален совет за градежно земјиште, во кој е предвидено ЗЕЛС да има тројца претставници.

# PROPOZIM LIGJI PËR TOKËN NDËRTIMORE NË FAZË PËRFUNDIMTARE

Minsitria për transport dhe lidhje, në qershor e parashtroi versionin e pastruar të tekstit të Propozimit të Ligjit të ri për tokë ndërtimore deri te të gjitha institucionet relevante për përcaktimin e mendimit të tyre, ndërsa të njejtin BNJVL u'a dorëzoi komunave. Me këtë propozim të Ligjit përfshihen ndryshime të rëndësishme në menaxhimin me tokën ndërtimore, ndryshimet që i incion BNJVL dhe komunat që nga fillimi i procesit të decentralizimit në vendin tonë, kur u kërkua komunat të bëhen pronarë të tokës së pandërtuar ndërtimore. Me presion të madh të BNJVL-së Qeveria në fund të vitit të kaluar, deklaroi se komunat do të menaxhojnë me tokën e pandërtuar ndërtimore në territorin e tyre, nga janari 2011, me ç'rast në mënyrë më intensive aderoi drejt përcaktimit të rregullativës ligjore.

Komisioni për urbanizëm pranë BNJVL-së në periudhën e kaluar, në mënyrë aktive u kyç në përgatitjen intensive të aktvendimeve të reja ligjore, me të cilat do të mundësohet pushtetet lokale të kenë mundësi në emër të shtetit të menaxhojnë dhe disponojnë me tokën e pandërtuar ndërtimore që ndodhet në territorin e tyre, por edhe t'a fitojnë të drejtën të jenë pronarë të tokës. Në dispozitat e propozuara ligjore është parashikuar BNJVL Qendra e trajnimeve t'a organizojë dhe zbatojë trajnimin e personave të autorizuar komunal, që në mënyrë adekuate të mund t'a zbatojnë procedurën për shitje dhe dhënie me qira të tokës së pandërtuar ndërtimore në territorin e tyre në emër të shtetit. Me dhënien e liçencës do të garantohet gatishmëria e komunave për ndërmarrjen e këtyre aktiviteteve. Gjithashtu në dispozitatat ligjore është parashikuar formimi i Këshillit Nacional për tokën ndërtimore, në të cilën është parashikuar BNJVL të ketë tre përfaqësues.

# ОПШТИНИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНИ ИКТ СТРАТЕГИИ

ЗЕЛС континуирано работи на реализација на проектот за помош на општините во нивниот стратегискиот развој со информациските и комуникациските технологии, односно на проект за експертско советување при изработка на локални ИКТ стратегии. Заинтересираноста и посветеноста на општините за развој на оваа област на локално ниво беше потврдена со големиот број апликации ( од 45 општини) доставени до ЗЕЛС, од кои по принципот на извлекување со лотарија беа избрани четири општини со различно ниво на ИКТ развој. За да се олесни и забрза интеграцијата на овие технологии во сите ЕЛС, ЗЕЛС публикуваше и издание „Прирачник за изработка на локални стратегии во областа на информатичката и комуникациската технологија" кој беше доставен до сите општини, а може и да се преземе и од веб страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk.

ЗЕЛС ќе обезбеди помош за експертско советување за нови десет општини кои ќе бидат посетени од експертите и ќе добијат стручна помош, совети од оваа област и насоки за изработка на свои локални ИКТ стратегии. Во нив локалните власти ги дефинираат приоритетите и главните цели за нивниот развој во Е- општина. Изборот на следните општини ќе се врши со аплицирање од страна на сите ЕЛС преку принципот на лотарија на кандидатите, распоредени според регион, што треба да се случи следниот месец (јули), а да заврши до крајот на годината. Проектот се реализира со финансиска поддршка на СДЦ - Швајцарската агенција за соработка и развој.

# KOMUNAT TË INTERESUARA PËR HARTIMIN E TIK STRATEGJIVE LOKALE

BNJVL në kontinuitet punon në realizimin e projektit për t'u ndihmuar komunave në zhvillimin e tyre strategjik me teknologjitë informatike dhe komunikative, respektivisht të projektit me këshillim nga ekspertët gjatë hartimit të TIK strategjive lokale. Interesimi dhe përkushtimi i komunave për zhvillimin e kësaj lëmie në nivel lokal, u vërtetua me numër të madh aplikimesh (nga 45 komuna) të parashtruara në BNJVL, nga të cilat sipas parimit të llotarisë u zgjodhën katër komuna me nivel të ndryshëm të zhvillimit të TIK. Që të lehtësohet dhe të përshpejtohet integrimi i këtyre teknologjive në të gjitha NJVL, BNJVL publikoi edhe botimin ,,Doracak për hartimin e strategjive në lëminë e teknologjisë informatike dhe komunikative" që u parashtrua deri te të gjitha komunat, ndërsa është i afrueshëm edhe në ueb lokacionin e BNJVL-së (www.zels.org.mk).

BNJVL do të sigurojë ndihmë për këshillim nga ekspertët për 10 komuna të reja, të cilat do të vizitohen nga ekspertët dhe do të fitojnë ndihmë profesionale, këshilla nga kjo lëmi dhe drejtime për hartimin e TIK strategjive lokale të tyre. Në to pushtetet lokale i definojnë prioritetet dhe qëllimet kryesore për zhvillimin e tyre në E-Komunë. Zgjedhja e komunave vijuese do të kryhet me aplikim nga ana e të gjitha NJVL-ve, përmes parimit të llotarisë së kandidatëve, të klasifikuar sipas rajoneve, që duhet të realizohet muajin e ardhshëm (korrik) ndërsa të mbarojë deri në fund të vitit. Projekti realizohet me përkrahje financiare të (SDC) Agjencioni Zvicëran për bashkëpunim dhe zhvillim.

# КАКО ДО ЕФИКАСЕН МОДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКА РАСПРЕДЕЛБА

## МЕЃУ ЛОКАЛНАТА И ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

На 11 јуни, во хотелот ,,Александар палас" во Скопје, во организација на УНДП и ЗЕЛС се оддржа тркалезна маса, на тема ,,Патоказ кон поставување систем за финансирање на еднакви услуги за сите граѓани-следни чекори". На трибината учествуваа, потпретседателот на Владата на РМ, Зоран Ставрески, министерот за локална самоуправа, Муса Џафери, постојаниот претставник на УНДП во нашата земја, Диадра Бојд, заменик постојан претставник на УНДП, Ан Мари Али, голем број градоначалници, како и експертите од Универзитетот-Џорџија Стејт-Ендрју Јанг школата за политички студии, кои ја подготвија физибилити студијата ,,Финансирање на еднакви услуги за сите граѓани" што беше и тема на разговор. На трибината се разви полезна дискусија во однос на платформата изведена од препораките и приоритетите на физибилити студијата. Беше истакнато дека, обидот да дознаеме каква е реалната состојбата со финансирањето на ЕЛС и кои се можностите за нејзиното подобрување, се од голема важност за локалните власти во земјата. Анализите кои ги направи ЗЕЛС во 2008 година покажаа дека македонските општини се убедливо најсиромашните, споредено со општините од пет земји од регионот. Општините тоа го чувствуваат и во секојдневното извршување на своите надлежности, каде има огромен недостаток од префрлени средства од централната власт, што се рефлектира на услугите што им се нудат на граѓаните. Изнаоѓањето на вистински реален начин да се пресметаат фискалните капацитети на општините, да се пресмета колку реално чини спроведувањето на доверените и префрлените надлежности во процесот на децентрализацијата, како и утврдување на можноста за поголема поделба на даноците и приходите меѓу централната и локалната власт, ќе овозможи понтамошно обезбедување на еднакви услуги за сите граѓани во земјава. Оваа дискусија помогна во зацртувањето на натамошните правци за создавање на еден нов развоен систем на трансфер на финансиски средства меѓу централната и локалната власт. Се дискутираше според клучните претпоставки предвидени со Студијата и Акциониот план, каде беа разгледани можностите за нивно прераснување во реално спроведлив, ефективен и оддржлив модел на финансиска реформа.

# SI DERI TE MODELI EFIKAS PËR NDARJEN FINANCIARE

## NDËRMJET PUSHTETIT LOKAL DHE QENDROR

Më 11 qershor, në hotelin ,,Aleksandar Pallas", në Shkup, në organizim të UNDP-së dhe BNJVL-së u mbajt tryezë e rrumbullakët, me temë ,,Udhërrëfyes drejt vendosjes së sistemit për financimin e shërbimeve të njejta për të gjithë qytetarët- hapat vijues". Në tribunë morrën pjesë, nënkryetari i Qeverisë së R.M-së, Zoran Stavrevski, ministri për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, përfaqësuesi i përhershëm i UNDP-së në vendin tonë, Diadra Bojd, zëvendës përfaqësues i përhershëm i UNDP-së, An Mari Ali, shumë kryetarë komunash, si dhe ekspertët nga Universiteti-Xhorxhija Stejt-Endrju Jang shkolla për studime politike, që përgatitën studimin fizibiliti ,,Financimi i shërbimeve të njejta për të gjithë qytetarët" që ishte edhe temë bisedimesh. Në tribunë u zhvillua diskutim i gjërë sipas platformës e realizuar nga rekomandimet dhe prioritetet e studimit fizibiliti. Ishte theksuar se përpjekja për të ditur se cila është situata reale me financimin e NJVL-ve dhe cilat janë mundësitë për përmirësimin e tyre janë me rëndësi të madhe për pushtetet lokale në vend. Analizat të cilat i zbatoi BNJVL në vitin 2008 treguan se komunat e Maqedonisë janë kryesisht më të varfërat, krahasuar me komunat nga pesë shtetet nga rajoni. Komunat atë e ndjejnë edhe në ekzekutimin çdo ditësh të kompetencave të tyre, ku ka mungesë të madhe nga mjetet e bartura nga pushteti qendror, që reflektohet në shërbimet që u ofrohen qytetarëve. Gjetja e mënyrës së vërtetë reale për tu llogaritur kapacitetet fiskale të komunave, të llogaritet sa realisht kushton implementimi i kompetencave të bartura në procesin e decentralizimit, si dhe caktimi i mundësisë për ndarje më të madhe të tatimeve dhe të ardhurave ndërmjet pushtetit qendror dhe atij lokal do të mundëson sigurim të mëtutjeshëm të dhënies së shërbimeve të njejta për të gjithë qytetarët në vend. Ky diskutim ndihmoi në shënimin e drejtimeve për krijimin e një sistemi të ri zhvillues të transferit të mjeteve financiare ndërmjet pushtetit qendror dhe atij lokal. U diskutua sipas supozimeve të rëndësishme të parashikuara me Studimin dhe Planin aksional ku ishin të shqyrtuara mundësitë për kalimin në model të qëndrueshëm real dhe efektiv të reformës financiare.













едно
семејство
еден
дом

WELCOME IN TETOVA

СКОПСКО
КАСА











